


# КАРПОШ
## неделен
## Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 24 јуни - 3 јули 2025 Билтен бр. 600

# ТАФТАЛИЏЕ 1 ДОБИВА НОВА МОДЕРНА ГРАДИНКА ПО

**Денеска, започнаа градежните работи, со кои ќе се руши стариот објект и ќе се изгради нов модерен објект на градинката „Мајски Цвет“, во населбата Тафталиџе 1. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, истакна дека по повеќе од шеесет години, стариот објект, кој бил од дрвена конструкција, ќе се замени со нов еколошки, енергетски ефикасен, асеизмички отпорен и сместувачки објект за најмалите карпошани по сите европски стандарди.**

**Станува збор за инвестиција од 108 милиони денари со вклучен ДДВ и морам да нагласам дека сум исклучително задоволен, што токму најмалите жители на населбата Тафталиџе 1, ќе бидат згрижувани и воспитувани во нов модерен објект од цврста градба, изграден по сите предвидени стандарди за ваков тип на објекти. Во договор со фирмата „Сандра Инженеринг“, е предвидено со банкарска гаранција , новата градинка да биде изградена за деведесет денови, со што практично наесен, дечињата од оваа урбана заедница ќе се вратат во новоизградената градинка, во една покомфорна средина со сите потребни реквизити и дидактички материјали, потребни за нивниот детски психофизички развој, потенцираше Јакимовски.**
**Првиот човек на Општина Карпош, најави изградба на четири нови занимални во градинката „Пролет“ во населбата Влае 1, како и изградба на целосно нов објект на градинката „Пролет“ во населбата Козле, односно позната како „Пролет-Канела“.**



# НАЈМАЛИТЕ КАРПОШАНИ ДОБИЈА ЕКОЛОШКИ ДИДАКТИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ

**Традиционално, како и секоја година, така и оваа,градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, им додели дидактички материјали и учебни помагала на четирите градинки, кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа. Како што истакна првиот човек на Општината, овие материјали се квалитетно изработени, еколошки и иновативни, со што ќе се овозможи значително подобрување на психомоторниот развој на дечињата кои се воспитуваат и образоваат во детските установи во Карпош. -Оваа година, издвоивме 300.000 денари од буџетот на локалната самоуправа, да купиме дидактички материјали за нашите најмали жители, и како и секоја година, така и во иднина, планираме да ја продолжиме оваа убава традиција. На тој начин, ќе ги збогатиме сите градинки во нашата Општина со нивните клонови, со навистина потребен број на вакви ефикасни и еколошки учебни материјали, со што на дечињата ќе им овозможиме пријатен престој, но и психофизички развој, преку креативни и иновативни соодветни детски образовни помагала, нагласи градоначалникот Јакимовски. Директорката на градинката „Орце Николов", Надица Гировска , од името на сите директорки од градинките на територијата на Општина Карпош, му се заблагодари на градоначалникот за иницијативноста за доделување на ваков вид на дидактички материјали, бидејќи како што истакна, навистина истите придонесуваат за правилен детски развој и пријатен престој во градинките на најмалите карпошани .**



## КРАТКОМЕТРАЖНИ ФИЛМОВИ ЗА ОПШТИНА КАРПОШ НИЗ ОБЈЕКТИВОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

Со изгласување на Предлог- Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025-та година, на денешната шеесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, од идната учебна година, преку изработка на краткометражни филмови од сите десет општински основни уличишта кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош, ќе се збогати образовниот процес на учениците. Односно освен ликовната колонија, училишните спортски лиги, натпреварите по математика, карпошовите ученици ќе се натпреваруваат и преку режирање, креирање и создавање на филмови за Општина Карпош. Станува збор за проектот „Општината низ детскиот објектив", каде што основците ќе креираат краткометражни филмови, кои ќе бидат презентирани во Деновите на Општината, односно при прославата на јубилејната годишнина на локалната самоуправа.

На оваа седница, членовите на Општина Карпош, ја прифатија и Одлуката за донација на училишен прибор за првачињата за учебната 2025/2026 – та година, од фирмата ТРИМАКС ДОО-Скопје, во вредносна сума од 128.000 денари за вкупно 610 првачиња во сите основни општински училишта во Карпош. Советниците исто така ја одобрија донацијата од оваа фирма на интерактивен панел 86 инчи од брендот Gaoeke.
Советниците на оваа седница одобрија финансиски средства за санација на фасада на станбена зграда, оштетена од пожар на ул. „Разловечко Востание", бр. 26/4 ламела Г, Општина Карпиш-Скопје, во вредност од 30.000 денари, како и ја одобрија Предлог-Одлуката за одобрување на финансиски средства како помош за поставување на нов лифт на станбена зграда за колективно домување на бул. „Партизански одреди", бр. 99, влез 2 во Општина Карпош-Скопје, во вредност од 500.000 денари. По повод одржување на европска младинска олимпијада во Скопје, а по барање на Македонскиот олимписки комитет, советниците од Советот на Општина Карпош одобрија 450.000 денари за уредување на земјениот паркинг во студентскиот дом,, Гоце Делчев ", бидејки во истиот ќе бидат сместени учесниците во оваа спортска манифестација.



## ЈАКИМОВСКИ: УНАПРЕДУВАЊЕТО НА СУДИЈКАТА ДИМОВСКА Е НАГРАДА ЗА МОЈАТА ЗАТВОРСКА КАЗНА

**Начинот на кој е избрана судијката Даниела Димовска за вд претседател на Основниот кривичен суд Скопје ми дава за право да се сомневам дека една од причините за нејзиното унапредување е пресудата со која ме осуди на три и пол години затвор за работи што не сум ги сторил, вели во градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски во неговата реакција за изборот на нов претседател на Кривичниот суд Скопје.**

**– Повеќе пријатели ме известија дека судијката Даниела Димовска е назначена за вд претседател на Основниот кривичен суд Скопје. И честитам на изборот, нормално е секој да сака да напредува, но да напредуваш преку газење на лешеви тоа е прво нечовечки. Самиот факт што во изминатиот еден час има силни реакции, особено од нејзини колеги на нејзиниот избор, ми дава за право да се сомневам дека една од причините за нејзиното унапредување е пресудата што ја донесе против мене, да бидам осуден на три и пол години затвор за работи што не сум ги сторил, Ова е само уште една потврда дека судството е партизирано. Можете да ја видите паралелата. Судијката напредува по заслуги, ама партиски. Јас сум бил четири пати градоначалник на Карпош исто така по заслуги, ама тоа е поради доброто служење на граѓаните. Нормално е да размислувам дека нејзиното унапредување е награда за пресудата што беше изречена од страна на она арамиско гнездо сместено во „Белата палата“, а дека таа само беше поштарот што ми ја соопшти пресудата на 23 април и која што впрочем се уште ја немам добиено, изјави Јакимовски.**

**Градоначалникот вели дека унапредувањето на судијката за него е доказ дека пресудата е политичка и за него тоа е дополнителна мотивација да ги бодри карпошани на следните избори да не дозволат Мицкоски да ја претвори и општината во уште една негова партиска испостава. – Ќе ме прашате дали сум резигниран, дали сум разочаран. Да, бев разочаран кога ми беше соопштена пресудата, но кога сега ова го слушам, ми дава повеќе мотив и повеќе енергија и повеќе доказ дека јас сум неправедно осуден и дека мојата пресуда е политичка и ова е само мотив повеќе да ги бодрам карпошани на идните локални избори да се борат и да не дозволат канџите на Христијан Мицкоски и неговата ДПМНЕ заедно со неговата клика да ги вгнезди, овде да ги зарие во карпошевото месо и Карпош го претвори во партиска испостава. Јас сум настапувал со политички партии но никогаш не сум дозволил Карпош да биде партиски штаб со една политичка партија. Напротив, ова било место каде што се решавале проблемите на граѓаните и подеднакво право имал секој граѓанин на Општина Карпош без разлика на политичката, верската, националната, религиозната припадност. За жал денеска сме сведоци во највиталниот дел од општеството, а тоа е судството дека и оваа власт се потруди максимално да го испартизира, нагласи Јакимовски.**